ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 19712/2***
***24.10.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XLII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 24.10.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р. Марјана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Зоран Крајовски, помошник на директорот за контрола (делумно присутен);*
- *Бранислава Катушевска, началник на одделението за преговарање и договарање (делумно присутна);*

- *Снежана Ќофкароска Шилоска, началник на одделението за план и анализа  (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, седницата ја отвори замеником на претседателот Фисник Ибраими.  Откако утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го предложи следниот*

**П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

- *Усвојување на записникот од XLI седница на УО одржана на 17.10.2008 година.*

1. *Пренамена на средства во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година;*
2. *Инвестиции во јавните здравствени установи;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разно.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

- *Усвојување на записникот од XLI седница на УО одржана на 17.10.2008 година.*

1. *Пренамена на средства во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година;*
2. *Инвестиции во јавните здравствени установи;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разно:*

*Приговор за договорна казна од ПЗУ Хаџиевска*
*Приговор за договорна казна од ПЗУ Д-р Милица Деспотовска Величковска*
*Барање од Киро Ќучук за плаќање на долг на рати*
*Приговор од Блага Илиеска*
*Блокада на сметките на Здравствен дом Охрид и Здравствен дом Тетово*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XLI седница на Управниот одбор одржана на 17.10.2008 година;*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XLI седница одржана на 17.10.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Пренамена на средства во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година;*

*Директорот Тренкоски ги запозна членовите на Управниот одбор дека Собранието на Република Македонија сеуште не го разгледувало ребалансот на буџетот од кој зависи и пренамената на средствата во буџетот на Фондот. Поради тоа, Управниот одбор може да го одложи разгледувањето на оваа точка или да си ја заврши својата работа. Со пренамената на средства во државниот буџет, средствата за Фондот ќе бидат намалени, прашање е само во колкава мерка. Ние можеме да предложиме пренамена во рамките на очекуваното намалување на средствата во државниот буџет. Ако намалувањето биде поголемо од очекуваното може да се најдеме во проблем. Бидејќи времето е против нас, ако денес се изврши пренамена, до вторник 28 ноември ќе може да се распишат тендерите за набавка на опрема во јавните здравствени установи.*

*Фисник Ибраими истакна дека ако се чека ќе настанат проблеми, а потребно е да се набави опрема во јавните здравствени установи во интерес на осигурениците. Потоа го објасни и предлогот за распределба на средства на јавните здравствени установи изготвен од заедничката комисија на Министерството за здравство и Фондот во која и тој бил член. Истакна и дека е додадена и ставка за дигитализација на рентген дијагностиката. Од извештајот на комисијата се гледа која здравствена установа колку средства ќе добие и за каква опрема. На крајот предложи, Управниот одбор да донесе одлука за пренамена на средства во буџетот на Фондот а потоа и одлука за прифаќање на предлогот за инвестирање во опрема во јавните здравствени установи и со тоа на осигурениците да им се овозможи помодерна здравствена заштита.*

*Љубиша Каранфиловски го поддржа предлогот укажувајќи дека тој од порано е поддржан и од претставничката на Министерството за финансии која на оваа седница не е присутна. Изрази надеж дека Собранието на Република Македонија нема да ги намали средствата повеќе од очекуваното.*

*И директорот Тренкоски го подржа овој пристап кој ја прифаќа потребата од итно постапување заради реализација на средствата до крајот на годината. Истакна дека на јавните здравствени установи треба да им се укаже следната седмица да ги распишат тендерите за набавка на опремата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Буџетот на Фондот за 2008 година***

*со која од расходното конто 489 од Програмата 20, износ од 33.000.000 денари се пренаменува на расходно конто 425 од Програмата 20,*

*и*

***Одлука***
***за одобрување на средства за набавка на приоритетна медицинска опрема за јавните здравствени установи***

*со која е прифатен предлогот на заедничката комисија на Министерството за здравство и Фондот за висината на средствата кои треба да се наменат за набавка на опрема за јавните здравствени установи*

*По донесувањето на овие одлуки, директорот Тренкоски го запозна Управниот одбор дека од Специјалната болница Мала Богородица е пристигнато барање за вклучување во договорот со фондот на 23 пациенти на кои им се дадени услуги за БПО над договорот. Додаде дека предлог на менаџментот е ова барање да биде прифатено и кај оваа болница со договорот да се вклучат 30 пациенти. Исто така и за болницата Ремедика да се зголеми за 10 пациенти. Покрај ова зборувавме и за пренамена кај ХОБ и кај хируршките клиники и токсикологија. Сметаме дека и таму треба да се зголемат буџетите ако се ослободат средства, но за тоа ќе треба да се изврши пообемна анализа од стручните служби.*

*Управниот одбор го прифати предлогот по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени за здравствени услуги во областа на БПО извршени од Приватна здравствена установа специјална болница по гинекологија и акушерство "Мала Богородица"-Систина, Скопје во 2008 година,***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени за здравствени услуги во областа на БПО извршени од Приватна здравствена установа со мешовита сопственост општа болница РЕ-МЕДИКА, Скопје во 2008 година***

***ТОЧКА 2 -*** *Инвестиции во јавните здравствени установи*

*Оваа точка беше заеднички разгледана со точката 1 од дневниот ред.*

***ТОЧКА 3 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Во врска со оваа точка Лазар Трајчев истакна дека со овој предлог на правилник се предвидува реорганизација на постоечката служба за контрола со постоечките вработени со цел за подобрување на ефикасноста.*

*Потоа Зоран Крајовски објасни дека сегашната организациона поставеност на службата за контрола е надмината и не може да одговори на актуелните потреби во услови кога на контролата  и се дава се поголемо значење. Сегашната поставеност е гломазна и неефикасна и треба функциите на контролата да се дисперзираат. Потоа одделно за секоја предложена измена објасни со каква цел се воведува и истакна дека новина е одделението за мобилна и дежурна контрола. Со овој правилник се воспоставува раководниот дел на контролата.*

*По објаснувањата, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 4 –*** *Разно*

*4.1 Приговор за договорна казна од ПЗУ Хаџиевска*
*4.2 Приговор за договорна казна од ПЗУ Д-р Милица Деспотовска Величковска*

*Во врска со овие два приговори објаснување дадоа Лазар Трајчев и Георги Тренкоски. Потсетија дека во договорите со здравствените установи е предвидена можноста Фондот да побара плаќање на договорна казна доколку здравствената установа прекрши определени одредби на договорот. Во повеќе наврати досега членовите на Управниот одбор расправајќи по приговори за договорните казни истакнаа дека тие се високи и претставуваат големо оптоварување на нивното финансиско работење.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи од  ПЗУ Д-р Хаџиевска и ПЗУ Д-р Милица Деспотовска Величковска, да не се бара плаќање на договорна казна.*

*4.3 Барање од Киро Ќучук за плаќање на долг на рати*

*Лазар Трајчев, осврнувајќи се на барањето на Киро Ќучук АД Велес за плаќање на заостанатиот придонес на 15 рати укажа дека Одлуката за овластување на централната служба донесена од Управниот одбор не може да се примени во овој случај зашто сметката на должникот е блокирана. Одлуката овозможува плаќање на 15 рати доколку се достави банкарска гаранција. Во нивното барање тие ја истакнуваат неможноста за обезбедување на гаранција и предлагаат да го плаќаат долгот на рати и без гаранција.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи со Киро Ќучук АД Велес да се склучи судско порамнување со кое ќе се овозможи плаќање на заостанатиот долг по основ на придонес за здравствено осигурување на 15*

*рати и без доставување на банкарска гаранција а сини картони да не се издаваат до исплаќањето на долгот.*

*4.4 Приговор од Блага Илиеска*

*Лазар Трајчев го објасни приговорот читајќи ги наводите од него.*

*Љубиша Каранфиловски потоа додаде дека и порано Управниот одбор зборувал за Подрачната служба Прилеп и состојбите во неа. Инаку и тој лично имал можност да разговара со Блага Илиеска при што таа му ја објаснила состојбата со која била соочена. Таа е повикана на одговорност како раководител а не поради нејзини лични пропусти. На крајот наведе оти смета дека приговорот е издржан и дека треба позитивно да биде решен.*

*Директорот Тренкоски укажа дека како раководител Блага Илиеска има објективна одговорност за состојбите во подрачната поради што и заслужува казна а сега може да стане збор за евентуално нејзино ублажување.*

*Страшо Наумоски исто така истакна дека ја познава Блага и ги потврдува нејзините наводи од приговорот во врска со нејзиниот социјален статус. Исто така смета дека изречената казна е престрога и треба да се намали.*

*И Борис Јосифовски се изјасни за прифаќање на приговорот.*

*На крајот од расправата, Управниот одбор едногласно одлучи отказот за Блага Илиеска да се замени со парична казна во висина од 15% од платата во тек на шест месеци.*

*4.5 Блокада на сметките на Здравствен дом Охрид и Здравствен дом Тетово*

*Фисник Ибраими побара Управниот одбор да се изјасни за исплата на аванс на здравствените установи Здравствен дом Охрид и Здравствен дом Тетово. Укажа дека Здравствен дом Тетово има добри резултати во работењето но сметката и е блокирана поради стари долгови па не може да се исплатат плати на вработените.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да се исплати аванс на Здравствен дом Охрид и Здравствен дом Тетово заради деблокирање на нивните сметки.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 11.00 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Фисник Ибраими***